# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## С Т Р А Т Е Ш К И   П Л А Н

## 2024 - 2026 година

СОДРЖИНА

1.1. ВОВЕД ........ 3
1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА ........ 4
1.2.1.Појдовна основа ........ 4
1.2.2.Анализа на правна рамка ........ 4
1.2.3.Анализа на ресурсите ........ 5
1.2.3.1.Финансиски ресурси ........ 5
1.2.4.PESTLE анализа ........ 5
1.2.5.SWOT анализа ........ 6
1.3. МИСИЈА ........ 8
1.4. ВИЗИЈА ........ 8
1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ ........ 9
1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ ........ 9
1.7. СТРУКТУРА ........ 10
1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ........ 11
1.9. ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ ........ 11
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА ........ 13
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА ........ 19
1.12. ПРОГРАМИ ........ 27
1.12.1 ПРОГРАМА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА ........ 28
1.12.1.1. Потпрограма Вклучување и комуникација со заедницата........ 31
1.12.1.2 Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал ........ 34
1.12.1.3. Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување . на безбедноста на сообраќајот на патиштата ........ 38
1.12.1.4. Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника ........ 39
1.12.1.5. Потпрограма Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција ........ 42
1.12.1.6. Потпрограма Јакнење на капацитетите на специјализираните полициски служби ........ 42
1.12.2. ПРОГРАМА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР ........ 43
1.12.2.1. Потпрограма Воведување систем за управување со документи (DMS) ........ 46
1.12.2.2. Потпрограма Управување на човечки ресурси ........ 48
1.12.2.3.Потпрограма Унапредување на системот за обука на вработените во МВР ........ 49
1.12.2.4. Потпрограма Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР ........ 51
1.12.2.5. Потпрограма Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации ........ 53
1.12.2.6. Потпрограма Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма ........ 54
1.13. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 55
1.14. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ........ 55
1.15. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ........ 55
1.16. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ ........ 55
1.17. РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ........ 57
1.18. РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА ........ 57

## 1.1 ВОВЕД

Министерството за внатрешни работи во рамки на процесот на стратешко планирање го изработи Стратешкиот план на МВР 2024-2026 година кој преставува сеопфатен и развоен документ со мерки и активности групирани во програми и потпрограми, преку кои ќе се остварат стратешките приоритети и цели на министерството.

Во таа насока министерството ќе продолжи да ги реализира активностите со зголемена транспарентност и инклузивност во креирањето на политиките. Притоа, во наредниот период министерството ќе се фокусира кон подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето, со цел јакнење на владеење на правото преку неселективна борба со организираниот криминал, корупцијата, илегалната миграција, тероризмот и сајбер заканите.

Имено, овој стратешки документ опфаќа активности предвидени во 12 потпрограми, содржани во двете стратешки програми Развој на полицијата и Унапредување на заедничките функции на МВР, кои продолжуваат со реализација во определениот временски период. Истите се во насока на реализирање на стратешките приоритети и цели на министерството, а со тоа и кон остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

Овој стратешки документ е изработен согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешки план и Годишен план за работа и истиот е поврзан со поглавјето 3.24 Правда, слобода и безбедност од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА).

Воедно планот е во согласност и со Упатството за начин на постапување на организациските единици во Министерството за внатрешни работи при изготвување на Стратешки план на МВР, во кој активностите од стратешко значење за министерството се предложени од страна на организациски единици за потребите на министерството и Бирото за јавна безбедност.

Првиот дел од Стратешкиот план содржи анализа на состојба, мисија и визија на министерството и осврт на постигнати резултати на МВР за 2022 година и 2023 година.

Во вториот дел е содржан преглед на плановите за спроведување на стратешките програми, нивната поврзаност со стратешките приоритети и цели на министерството и поглавјето 3.24 Правда, слобода и безбедност од НПАА, во насока на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата за 2024 -2028 година.

Другите делови од планот опфаќаат прашања во врска со влијанија врз човечки ресурси, принципи на правична застапеност, принципот на еднакви можности на жените и мажите, како и заедничките функции во кои се вклучени стратешко планирање и подготвување на буџет, извршување на буџет и управување со средства, внатрешна ревизија, како и ризици на ниво на стратешки програми и Стратешки план.

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

Министерството за внатрешни работи во 2023 година успешно ги спроведуваше задачите и обврските од негова надлежност, како и активностите од стратешко значење. И во овој стратешки документ продолжува реализацијата на стратешките програми *Развој на полицијата* и *Унапредување на заедничките функции во МВР*, меѓутоа сега разработени во вкупно 12 потпрограми. Имено, стратешката програма *Развој на полицијата* содржи шест потпрограми од кои една нова потпрограма Вклучување и комуникација со заедницата со активностите од Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024–2026 година, додека стратешката програма *Унапредување на заедничките функции на МВР* содржани се шест потпрограми, од кои една е нова потпрограма Унапредување на човечки ресурси со активности од *Стратешката определба на министерството за внатрешни работи за управување со човечки ресурси 2023-2025 година.*

### 1.2.1 Појдовна основа

Министерството за внатрешни работи е државна институција надлежна за спроведување на законот, одржување на јавниот ред и мир, безбедноста на граѓаните и заштита на уставниот поредок во државата.

### 1.2.2 Анализа на правна рамка

Основните правни акти со кои е регулирано функционирањето на министерството се Законот за внатрешни работи, Закон за полиција и Закон за организација и работа на органите на државна управа. Процесот на стратешкото планирање во

министерството се спроведува и согласно подзаконски акти[1] и стратешки документи[2] донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, НПАА и подзаконски акти на министерството.[3]

### 1.2.3 Анализа на ресурсите

#### 1.2.3.1 Финансиски ресурси

Министерството за внатрешни работи се финансира преку средства обезбедени од буџетот на МВР, а дел за реализација на проекти се финансираат и преку средства од меѓународни организации и институции.

### 1.2.4 PESTLE анализа

Анализата на политички, економски, социјални, технолошки, правни и еколошки фактори (PESTLE анализа), е алатка преку која се согледува влијанието на надворешните фактори врз работењето на МВР. Поважните фактори кои имаат влијание врз функционирањето на министерството се прикажани во табеларен приказ.

| Политички фактори | Економски фактори | Социјални фактори | Технолошки фактори | Правни фактори | Еколошки фактори |
|---|---|---|---|---|---|
| - стратешки приоритети и цели на Владата;<br>- стратешки приоритети и цели | расположливи финансиски средства од буџетот на МВР и финансиски | - влијание на граѓанското општество;<br>- информирање на медиумите | влијание на инфраструктурата врз информатичко-технолошките процеси | - законски и подзаконски акти;<br>- усогласување на националното | климатски промени и опасности предизвикани од природни и човечки фактори |

[1] *Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа; Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа;*

[2] *Програма за работа на Владата наРепублика СевернаМакедонија; Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата;*

[3] *Упатство за начинот на постапување на организациските единици во МВР при изготвување на Стратешкиот план на МВР и Упатство за изменување и дополнување на наведеното Упатство.*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на министерството;<br>- задолженија и заклучоци од Владата;<br>- обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ | средства од меѓународни институции и организации за реализација на проекти | | | законодавство со правото на ЕУ (НПАА) | |

### 1.2.5 SWOT анализа

Анализа на предности, слабости, можности и закани е метод кој овозможува да се согледа влијанието на внатрешните фактори врз работењето на министерството и истата е прикажана во табеларен приказ.

| **ПРЕДНОСТИ (силни страни):** | **СЛАБОСТИ (слаби страни):** |
|---|---|
| - овозможен пристап до бази на податоци на институции надвор од МВР;<br>- зајакнати капацитети и вештини во борба против организиран и сериозен криминал и корупција;<br>- зајакнати капацитети на локалните мултидисциплинарни тимови;<br>- воспоставена и зајакната меѓународната соработка и координација меѓу релевантните државни институции и здруженија на граѓани во областа на трговија со луѓе и илегална миграција;<br>- зајакната меѓусекторската соработка во МВР за размена на податоци во однос на сајбер заканите; | - одлив на човечки ресурси и непополнети работни места во одредени организациски единици во министерството;<br>- нецелосно реализирани активности од стратешко значење за МВР. |

| | |
|---|---|
| - зајакнати капацитетите на СВР и ПС од општа и посебна надлежност;<br>- унапредување на системот за квалитет, согласно стандардот ISO 17025;<br>- подобрување на материјално-техничките капацитети во организациските единици за криминалистичка техника;<br>- развивање професионални вештини за истрага на место на настан при ХБРН инциденти;<br>- зајакнати оперативни капацитети, материјално–техничко опремување и модернизација на граничната полиција;<br>- зајакната соработка со ЕУ агенции;<br>- зајакнати капацитетитеза специјализираните полициски служби;<br>- изграден новиот објект за Одделот за форензички испитувања, отпочнато е со изградба на објектот на Единицата за внатрешни работи Аеродром, реновирани простории за ПС за ГН Пелинце, објекти на организациски единици во состав на Одделот за специјални полициски операции, изградба на боксови за полициски службени кучиња за Единицата за службени кучиња и Единицата за брзо распоредување во полицискиот центар во касарната Ѓорче Петров, каде во тек се и активности за физичко обезбедување на магацинскиот простор на центарот;<br>- воспоставен брз проток на информации и документи во организациски единици во министерството;<br>- подобрени информатички бази на податоци;<br>- повисока безбедност на информатичкиот систем во МВР;<br>- подобрена компјутерска инфраструктура во МВР; | |

| | |
|---|---|
| - реализација на активности произлезени од членството во НАТО;<br>- јакнење на интегритетот на работниците во министерството;<br>- подигање на родовата свест во рамки на министерството, преку менторска програма за родова еднаквост. | |
| **МОЖНОСТИ:**<br>- имплементирање на натамошни проекти и активности со цел справување со организираниот криминал, корупцијата и илегалната миграција;<br>- континуирана соработка со институции задолжени за спроведување на законите;<br>- развој и управување со современа информатичка технологија и натамошен развој на телекомуникациските системи. | **ЗАКАНИ:**<br>- појави на нов вид криминал од сајбер закани;<br>- постоење на организиран криминал, корупција, тероризам и илегална миграција;<br>- можни последици од воениот конфликт меѓу Русија и Украина и Блиски Исток;<br>- можни економски последици од случувањата на глобално ниво. |

## 1.3 МИСИЈА

Министерството за внатрешни работи, спроведувајќи ги законските надлежности се стреми кон висок степен на безбедност, сигурност, заштита на слободите и правата на граѓаните и подобрување на квалитетот на живеење во Република Северна Македонија.

## 1.4 ВИЗИЈА

Република Северна Македонија – Најбезбедна држава во регионот.

## 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Основни задачи на министерството се:

- остварување на системот на јавна безбедност;
- спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија;
- заштита на животот и личната сигурност и имотот на граѓаните;
- спречување на разгорување на национална, расна, верска омраза или нетрпеливост;
- спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот, законите и ратификувани меѓународни договори;
- надзорот од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон.

## 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ

Министерството за внатрешни работи согласно задачите и обврските, кои произлегуваат од делокругот на надлежноста го одржува јавниот ред и мир и безбедноста на државата, го штити и чува животот и имотот на граѓаните, ги почитува слободите и правата на граѓанините и им укажува стручна помош во остварувањето на пропишаните права и обврски.

## 1.7 СТРУКТУРА



## 1.8 ОДНОСИ СО ОРГАНОТ ВО СОСТАВ

Министерството го сочинуваат организациски единици за потребите на министерството и орган во состав на министерството. Организациските единици за потребите на министерството се надлежни за вршење стручни работи во врска со вршењето на внатрешните работи за потребите на целото министерство.

Орган во состав на министерството е Бирото за јавна безбедност, задолжено за извршување на полициските работи согласно одредбите од Законот за полиција и други закони. Со Бирото, раководи директор, кој по предлог на министерот за внатрешни работи го именува Владата на Република Северна Македонија.

## 1.9 ПРИОРИТЕТИ И ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

Во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата согласно Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година во Министерството за внатрешни работи утврдени се осум стратешки приоритети и 13 приоритетни цели.

- Стратешките приоритети ***Модернизација на министерството за внатрешни работи и јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите***, ***Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции*** и ***Спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисија и остварување на правото на азил*** ќе се остваруваат преку реализација на приоритетните цели:
  - изработка и имплементација на активности дефинирани во Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026;
  - имплементација на активности дефинирани во Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025
  - изработка на стратешка определба за развој на Центарот за обука;
  - изработка на стратешка определба за управување со човечки ресурси;
  - спроведување тест за проверка на професионалниот интегритет за вработените во МВР;
  - јакнење на капацитетите во борбата против тероризмот, развивање на интернет истрагите и јакнење на севкупните капацитети, кои опфаќаат просторни и технолошки решенија согласно стандардите;
  - зајакнување на капацитетите на специјализираните полициски служби.

- Стратешкиот приоритет ***Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европска Унија,*** ќе се остварува преку реализација на приоритетната цел:
  - преземање и примена на најдобрите ЕУ практики и стандарди за унапредување на процедурите и методологиите.
- Стратешкиот приоритет ***Зголемување на нивото на јавна безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај*** ќе се остварува преку реализација на приоритетните цели:
  - изградба и реконструкција на полициски станици од општа надлежност;
  - реконструкција на простории за задржување лица.
- Стратешкиот приоритет ***Соработка и воспоставување на заеднички стандарди за сајбер безбедност*** ќе се остварува преку приоритетната цел:
  - примена на нови технологии и мерки за сајбер безбедност.
- Стратешкиот приоритет ***Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство*** ќе се остварува преку приоритетната цел:
  - имплементација на родова еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности.
- Стратешкиот приоритет ***Поддршка на меѓународните напори за чување на мирот*** ќе се остварува преку приоритетната цел:
  - имплементација на активностите за подготовка на идните НАТО цели.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2022 ГОДИНА

- Во рамки на стратешката програма РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА:
  - во потпрограмата ***Вклучување и комуникација со заедницата***:
  - организациските единици за превенција во соработка со здруженија на граѓани во рамки на проектни активности[4] беа организирани уметнички и креативни работилници, спортски и други активности за младите;
  - во организација на БЈБ а во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беа изработени 15.000 флаери со телефонски броеви на институции (МВР, Брза помош и Центри за социјална работа) и телефонски броеви на сервиси кои нудат помош, поддршка и заштита на жртвите, како и информации за мобилната апликација за пријавување насилство *Биди безбедна,* проследени до Секторите за внатрешни работи. Воедно, изработен е *Потсетник за постапување на полициските службеници по добивање на пријава за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство*, како и *шематски приказ-алгоритам за постапување на полициските службеници по добивање пријава за родово базирано насилство.* Од превентивен карактер беа реализирани и четири настани за поддршка и помош за жртвите на родово базирано насилство, додека во соработка со Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата беа организирани сообраќајни акции за жени учеснички во сообрќајот;
  - организациските единици за превенција одржаа работни состаноци со Локалните совети за превенција за *Рано препознавање на безбедносни закани со учесници од локалната самоуправа* и *Превентивни мерки за заштита од пожари и спречување на настанување на пожари на отворен простор*. Исто така, во соработка со општинската организација на Црвениот Крст во Куманово, беа изведени показни вежби за укажување прва помош при повреди во сообраќајна незгода, како и подигање на свеста за учење и познавање на правилата за укажување на прва помош.

  - во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал:***
  - идентификувани се потреби за пристап до евиденциите на Агенција за катастар на недвижности, Централен регистар, осигурителни компании, Капетанија Охрид, Агенција за цивилно воздухопловство, Управата за јавни приходи и Централен Депозитар за хартии од вредност;
  - ревидиран е СОП за водење на финансиски истраги, а полициски службеници учествуваа на повеќе едукативни

[4] *„Полицијата и граѓаните заедно“, „Полицијата и учениците се дружат“, „Безбедност во училиштата“, „За спортот заедно“, „Стоп за брзо возење“, „Безбедно лето 2022“, „СТОП за возење под дејство на алкохол“ и „Стави појас вози безбедно“.*

активности од ова област, во организација на меѓународни институции и организации. Исто така учествувано е на Конференција на регионалната експертска група на тема *Финансиски истраги и враќање на имот, трговија со луѓе и компензација на жртвите во ЈИЕ*;

- Претставници на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал учествуваа на состаноци во рамки на ИПА 2020 *Владеење на правото*, Твининг проектот *За градење на институционалните капацитети на истражниот центар*, како и во работна група за Иницијативата за интегрирано управување со внатрешната безбедност на земјите од Западен Балкан на вториот столб за борба против организиран и сериозен криминал. Додека, претставници на Единицата за корупција учествуваа на едукативни активности од областа на спречување на корупција и економски криминал во Италија, Унгарија, Холандија и Скопје, во организација на Ilea, Cepol, Europol. Воедно, учествувано е на тркалезна маса за конфискација на имот, одржана од Cepol, како и на состанок за билатерални преговори за Поглавјето 24-Правда, слобода и безбедност во Брисел. Од страна на Единицата за корупција и Единицата за финансиски истраги постапувајќи по наредби на Основното јавно обвинителство-Одделение за гонење на организиран криминал и корупција, поднесени се три кривични пријави за кривични дела Примање поткуп и Злосторничко здружување, против висок државен функционер, лице вработено во Клинички центар „Мајка Тереза“ и против 12 полициски службеници од ГП Табановце;
- Започната изработка на новата база на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, при што утврдени се нови ентитети и линкови и истите се имплементирани во базата, заедно со потребните номенклатури. Воедно, изработени се работни екрани, спроведена е обука за работа со базата и извршено е тестирање со реални податоци од предмети што се работат во Центарот;
- во рамки на *Проектот за поврзување на националната база за потраги по лица и возила со базите на податоци на Interpol за потраги по лица и возила,* со цел да се направи доусовршување на базата тестирана е новата web апликација за истовремено пребарување на потраги на национално и меѓународно ниво;
- за *воспоставување на Триаж системот за одземена компјутерска опрема или носачи на дигитални докази* донирана е опрема за исчитување на мобилни уреди наменети за Отсеците за компјутерски криминал во Секторите за внатрешни работи од страна на амбасадата на САД во Скопје;
- дефинирани се потребните материјално-технички средства за поврзување, доделени се кориснички профили на вработените во Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика и направено е успешно тестирање на конекцијата на Секторот со Interpol I–24/7 мрежата.

- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата***:
- реконструирани се шест полициски објекти во Одделенијата за внатрешни работи Радовиш, Делчево (каде воедно реконструирани се и просториите за задржување на лица), Берово, Свети Николе и Единиците за внатрешни работи Карпош и Гази Баба;
- набавени се 10 ПМВ за полициска изведба и истите се распоредени во службите на униформирана полиција.

- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите во делот на криминалистичка техника***:
- финализирани се активностите во внатрешноста на објектот за потребите на Одделот за криминалистички испитувања и вештачења, обезбедена е канцелариска опрема, како и телефонска поврзаност на објектот со мрежата на МВР;
- спроведени се интерни проверки во лабораториите, а од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија спроведен е годишни надзор во Одделот за одржување на системот за квалитет, при што навремено се отстранети констатираните забелешки, согласно стандардот ISO 17025. За *унапредување на системот за квалитет,* согласно стандардот ISO 17025, акредитирана е нова метода во Одделението за дактилоскопија и истата е вклучена во проширениот опсег на акредитација;
- реновирани се просторните капацитети во дел од организациски единици за криминалистичка техника при СВР Штип и Струмица, а се преземаа активности за поставување на платформата за Е-обуки на министерството и пристап на сите криминалистичко-технички работници до истата;
- изработени се финални верзии на потребните документи за создавање предуслови за спроведување на стандардот ИСО 17020, а изработена е и Проценка на правна рамка во однос на исполнување на барањата на стандардот. Воедно започната е изработка на Процедурата за управување со персонал од страна на работната група за реализација на четвртата стратешка цел – *Создавање предуслови за спроведување на стандардот ИСО 17020.*
- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграции***:
- *соработката и координацијата со ЕУ агенции и проширување на полициската соработка преку ЗКЦ* продолжува преку реализација на заедничката операција JO Coordination Points 22-Air при што на меѓународниот аеродром Скопје, континуирано беа присутни припадници на Frontex, а полициски службеници од министерството беа распоредени на аеродромите во Виена, Рим и Париз, како и на надворешните граници на земји-членки на ЕУ. Покрај тоа, странски полициски службеници распоредени на аеродромот во Скопје, одржаа обука за фалсификувани документи на

аеродромот во Охрид со присуство на униформирани полициски службеници. Во рамки на заедничка операција JO Coordination Points 22–Land, персонал на Frontex и странски полициски службеници во континуитет се распоредувале на ГП Табановце. За заедничката оперативна активност JAD Mobile 5 претставник од Регионалниот центар за гранични работи - Запад учествувал на координативен центар на Frontex во Варшава, Полска. Во таа насока, во рамки заеднички проект на Interpol и Frontex беше одржана работилница *за електронска размена на податоци поврзани со фалсификувани документи.*

Во делот на соработката со Europol на неделно ниво се разменуваа информации за состојбата во областа на илегалната миграција, како и размена на информации во рамки на редовните видео-конференции за состојбите на Западно-балканската рута, организирани од страна на Кабинетот на претседателот на Европската Комисија, со учество и на претставници на Europol и Frontex. Покрај ова, учествувано е на повеќе настани, едукативни активности, регионални средби, како и учество во подготвителни активности за воспоставување на граничен премин помеѓу Грција и земјава од проектот *Гранична станица Преспанско езеро*. Настаните се одржани во организација на повеќе институции и организации од областа на граничното управување и миграции во земјава и странство. Во Скопје потпишан е договорот меѓу Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Frontex) и државата, при што од страна на Frontex остварена е посета на аеродромот Скопје во врска со тековната оперативна соработка, како и посета на министерството, со цел подготовки за операционализација на договорот помеѓу ЕУ и земјава, преку планирање на заедничка операција на границите на Република Северна Македонија.

Имплементација на форми на прекугранична полициска соработка со службите на соседните земји се остваруваше преку мешаните патроли со граничните служби на Албанија, Косово, Бугарија и Србија, а средбите со претставниците на соседните гранични служби се одржуваа редовно, согласно билатералните договори, како и во зависност од потребите и случувањата на терен.

Заедничките контакт центри за полициска соработка со Албанија, Бугарија, Србија и Косово функционираа во рамки на тековната динамика.

- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби***:

- реновиран е објектот на Одделот за заштита на определени личности и објекти, поставени се камери во надворешниот периметар и влезот, како и соодветна инсталација по спратови за поставување камери за видео надзор на објектот;
- набавени се осум интервентни комбиња и пет ПМВ за потребите на Одделот за специјални полициски операции. Исто така, набавена е опрема за видео надзор за базите на Специјалната антитерористичка единица-Тигар и Единицата за брзо

распоредување, за која воедно се набавени и шест контејнери за складирање на опрема.

- рамки на стратешката програма УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР:

- во потпрограмата ***Воведување систем за управување со документи (DMS)***:
- во рамки на проектот *Документ менаџмент систем* изработени се електронски обрасци за оперативна информација и извештај, воедно изработена е и *апликацијата Електронски работен план за следење на напредокот на истрагата (Blue Print)*, во која опфатени се стандарди за модерна апликација со утврдени индикатори за следење на процесот. За таа цел, од страна на ICITAP беше ангажиран експерт јавен обвинител од САД кој разработи посебни матрици за повеќе кривични дела за активности од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Исто така, во Одделот се води Е-деловодник за заведување на документи меѓу организациските единици во МВР преку Suscriptor-системот за архивско работење. Воедно, за водење Е-деловодник одржани се обуки за 53 вработени во организациските единици за потребите на министерството и БЈБ. Со цел интеграција на организациските единици на министерството во електронското архивско работење, од страна на ICITAP донирани се десет скенери. Покрај уредот за инфраструктурата со дигитален потпис и потребниот хардвер инсталирани од Одделот за информатика и телекомуникации, обезбедени се и 100 лиценци за дигитално потпишување.

- во потпрограмата ***Унапредување на системот за обука на вработените во МВР***:
- во Центарот за обука опремена е Е-училница со обновена и проширена ИТ инфраструктура, донација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

- во потпрограмата ***Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР*** :
- во проектот *Воспоставување на ИКТ Центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа* континуирано се следеше оперативноста на имплементираните системи и извршено е тестирање на Центарот во Прилеп;
- за проектот *Подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР* континуирано се распределуваа и инсталираа новите компјутери во министерството, а на интернет страната на МВР додадени се ревидираните софтверски лиценци за поддршка на системите;
- целосно реализиран проектот *Мрежна инфраструктура за IP телефонија и миграција на телефонски централи во VoIP*, при што сите аналогни телефонски апарати во МВР беа заменети со IP телефони од новиот систем.

- во потпрограмата ***Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации***:
  - во рамки на активности кои произлегуваат од членство во НАТО, учествувано е на работни средби за кои се изработени прилози и одговори за надлежноста на МВР во делот на одбранбено и безбедносно планирање на НАТО и националниот НАТО механизам за оправување со кризи, меѓународни вежби „Swift Response„ и „Troyan Footprint" и на работилници за усогласување на националните процедури за стандардизација и реконструкција со НАТО стандардите. Притоа, од страна на МВР до Министерството за одбрана доставен е координиран одговор за степенот на усогласеност на НАТО заложбата за *Зајакнување на сајбер одбраната на националниот механизам и инфраструктурата* и за прашањата со фокус на сајбер ризиците кон критичната инфраструктура. Во однос на работата на регистарот на МВР во делот на административна, физичка, персонална и информатичка безбедност и заштита на странски класифицирани информации кои се отстапени и располага министерството, од страна на Канцеларијата за безбедност на НАТО-Брисел беше спроведен редовен инспекциски надзор, при што не биле констатирани забелешки;
  - за учество на полициските службеници и припадници на АРМ во мировни мисии присуствувано е на Конференција за комуникатори (NCC-2022), на која за координирање на активностите од безбедносен аспект беше задолжена организациската единица за безбедност на информации и соработка со НАТО при МВР, на состанок на Координативното тело на НАТО системот за одговор на кризи на Република Северна Македонија и на ориентационен курс за кризен менаџмент;
  - за усогласување на активностите за заштита на личните податоци во МВР според Законот за заштита на лични податоци, ревидирани се постојните и донесени се три процедури и два планови. Воедно, ревидирана е интерната документација за заштита на лични податоци и финализирани се три Предлог-текстови за интерни документи.

- во потпрограмата ***Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма*** :
  - донесени се измени за Законот за внатрешни работи (Сл.весник на РСМ, бр.89 од 11.04.2022г.) во кои се предложени нови одредби за јакнење на интегритетот на работниците во министерството, при што организациска единица за внатрешна контрола се задолжува да врши проверка на интегритетот преку спроведување на *тест за професионален интегритет на работниците* во министерството. Во таа насока, изработен е предлог текст за Правилник на начинот за спроведување на тестот за професионален интегритет за вработените во МВР.

Во однос јакнење на **родовата еднаквост** во министерството, одржани се три работилници од Родово менторска програма во 2022 година, на кои обучени се 37 вработени, од кои 17 (3 мажи и 14 жени) во својство на ментори и 20 (1 маж и 19 жени) во својство на менторирани лица. Во тој контекст, во соработка со меѓународни организации и НВО, спроведени се и 13 едукативни активности од областа на превенција од родово базирано насилство и родова застапеност во МВР, со кои обучени се 162 полициски службеници ( 110 мажи и 52 жени).

***Родовата застапеност*** во министерството во 2022г. изнесува:

- униформирани: мажи 49.74%, жени 7.50%;
- неуниформирани ПС: мажи 17.32%, жени 4.59%;

Согласно ***Принцип на правична застапеност*** на ниво на министерството состојбата во 2022 година е следна:

- Македонци: вкупно 72.45%, од кои мажи 55.17%, жени 17.28%;
- Албанци: вкупно:22.89%, од кои мажи 20.72%, жени 2.17%;
- Срби: вкупно 1.44%, од кои мажи 1.08% и жени 0.36%;
- Турци: вкупно 1.52%, од кои мажи 1.28%, жени 0.24%;
- Роми: вкупно 0.66%, од кои мажи 0.53%, жени 0.13%;
- Власи: вкупно 0.26%, од кои мажи 0.15%, жени 0.11%;
- Останати: вкупно 0.78%, од кои мажи 0.60%, жени 0.18%.

## 1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА

- Во рамки на стратешката програма РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА:
  - во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал***:
  - обезбеден е пристап за службени потреби за полициски службеници до Е-кат шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности;
  - полициски службеници од Единицата за финансиски истраги учествуваа на 13 едукативни активности и *Конференција за финансиските истраги и борбата против тероризмот* во организација на амбасадата на Велика Британија, Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал од Србија и ОБСЕ;
  - Единицата за корупција е зајакната со човечки капацитети, учествувано е на повеќе настани од областа на

организираниот криминал, а во однос на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата, продолжуваат активностите во рамки на проектот ИПА 2020 *ЕУ за поддршка на владеење на правото*;

- одржани се состаноци со членови на локалните мултидисциплинарни тимови и Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во врска со реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства. Во таа насока остварена е средба со специјалниот известувач на ОН за извештајот во рамките на надлежностите на институциите во процесот гонење, репатријација, рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците;
- за потребите на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал донирани се две возила од амбасадата на Велика Британија, а реализиран е и договор за донација на возила од амбасадата на Австрија во Република Северна Македонија;
- одржани се заеднички обуки на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе со членови од ударна група од Србија. Исто така, учествувано е на состанок во организација на Германското друштво за меѓународна соработка со поддршка на ЕМПАКТ[5] за операција Гран Салто на кој присуствувале и полициски службеници од Србија, Албанија, Грција, Шпанија Португалија, Австрија и Италија, како и на *трилатерален состанок* во врска со криумчарење мигранти, во организација на UNDP;
- за *примена на проактивни методи базирани на криминалистичко разузнавање со откривање и идентификација на потенцијална жртва/жртва на трговија со луѓе* учествувано е на две конференции од ова област организирана од страна на Interpol и UNODC, работилница во организација на Криминалистичката разузнавачка служба на Австрија преку Europol и на обуки за обучувачи за трговија со луѓе на теоретска и практична вежба-Симулација на случај на трговија со луѓе во организација на UNDP;
- за *обезбедување на ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело Трговија со луѓе и криумчарење мигранти,* одржани се повеќе обуки, работилници и конференции и заедничка акција;
- *базата за складирање и обработка на податоци* во Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал е дополнета со нови ентитети за податоци на Центарот;
- во рамки на проектот *Поврзување на националната база за потраги по лица и возила со базите на податоци на Interpol за потраги по лица и возила*, согледана е потребата од воспоставување на алатка за автоматско пребарување во меѓународните бази на податоци на Interpol , како и алатка за тестирање со пристап до меѓународната база за потраги

5 *European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats*

по возила;
- *за пристап на ОСОСК до Interpol I 24/7 мрежата,* дефинирани се корисниците и започната е изработка на СОП за пребарување во меѓународните бази на Interpol;
- за *воспоставување на Триаж системот за одземена компјутерска опрема или носачи на дигитални докази,* во организациските единици за компјутерски криминал во СВР Охрид, Тетово и Струмица предадена е компјутерската опрема за користење носачи на дигитални докази, донирана од амбасадата на САД;
- успешно е тестирана конекцијата за поврзување на *Секторот за компјутерски криминал со Interpol I-24/7 мрежата*. Воедно учествувано е во активности од *Операција Мозаик* и *Операција Феникс* предводени од Europol, во која се преземени заеднички активности со земјите членки од ЕУ, а се однесуваат на дејствија за кривични дела за сексуална експлоатација на деца, како и во активности од платформата ЕМПАКТ Joint action days-Syberpatrllling;
- имплементирано е информатичкото решение за рангирање на криминални групи, а изготвена е Процедура за евидентирање и рангирање на криминални групи и Прирачник за користење и внесување на податоци. Во насока на *унапредување на квалитетот на разузнавачките продукти (тактичка и стратешка проценка на регионално ниво),* изработена е Методологија за изготвување за стратешка и тактичка проценка.

- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата***:
- во тек е изградба нов објект на Единица за внатрешни работи Аеродром, Скопје, кој вклучува и простории за задржување на лица, а реновиран е полицискиот објект ПС за ГН Пелинце;
- изработен е Прирачник/Кодекс за водење на интервју со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење;
- набавени се 20 интервентни возила и истите се распределени во полициски станици од општа надлежност;
- за *зајакнување на капацитетите за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата,* набавени се две патнички моторни возила во цивилна изведба со опрема за контрола и регулирање на сообраќајот (пресретнувачи) и истите се распоредени во Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата. Воедно, обезбедена е донација на два уреди за детектирање на опојни droги и психотропни супстанции во организмот.

- во потпрограмата ***Јакнење  на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника***:

- реализиран е трансфер  во новиот објект на поголемиот дел од организациските единици од Одделот за форензички испитувања;
- *во делот на одржување на системот на квалитет, согласно стандардот ISO 17025,* извршени се интерни проверки и одржан е годишен надзор од ИАРСМ за 2023 година за работењето на Одделот за форензички испитувања, а подготвена е и нова метода во Одделението за токсикологија и дроги;
- согласно Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025, изработени се нацрт текстови за Процедура за управување со персонал согласно стандардот ИСО 17020 и за 12 формулари кои произлегуваат од Процедурата;
- за *јакнење на форензичките капаците за истрага на место на настан при ХБРН инциденти*, од страна на Дирекцијата за заштита и спасување во  седиштето на МВР реализирана е обука за заштита и спасување од природни непогоди, минско-експлозивни средства, лабораториски инциденти и други несреќи.

- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција***:

- во делот на *соработка и координација со ЕУ агенции и проширување на полициската соработка преку Заедничките контакт центри,* од страна Frontex реализирани се посети на оперативните подрачја на дел од државната граница, а претставници од Одделот за гранични работи и миграции учествуваа на настани од оваа област, во организација на Frontex и IOM. Во рамки на *заедничките операции* JO Coordination Points 23–Air и JO Coordination Points 23–Land на меѓународниот аеродром Скопје и ГП Табановце, континуирано се присутни припадници на Frontex – EBCGA и странски униформирани полициски службеници. А, за заедничката операција JO TERRA 2023 започнато е распоредување на полициски службеници од РЦ за ГР Исток и Југ на ГП Капетан Андреево. Успешно се реализира заедничката операција North Macedonia 2023 на Frontex на територијата на Република Северна Македонија, во која од нејзиното започнување Координативната точка ГП Табановце прерасна во Контакт точка и истата наместо во JO Coordination Points 2023 функционира во рамки на заедничката операција JO North Macedonia 2023. Во однос на *имплементацијата на форми на прекугранична полициска соработка со службите на соседните земји*, реализирани се 249 средби, 373 мешани патроли, 219 контакти и  981 разменети информации;
- за потребите на граничната полиција, набавени се по четири ПМВ, теренски возила, четвороцикли, едно специјализирано возило за видео надзор, 10 ноќни двогледи, 36 термални камери со долг домет, 65 рачни уреди за проверка на документи,

350 извидувачки камери и 110 батериски ламби. Покрај ова, набавени се и 20 компјутери, дел од нив е опрема за заедничките контакт центри, како донација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во рамки на проектот *Поддршка на националните власти на Република Северна Македонија во намалување во ризикот од пролиферација и злоупотреба на малото и лесно оружје.*

- во потпрограмата ***Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби***:

- за потребите на Одделот за обезбедување и заштита на одредени личности и објекти, отпочнато е со набавка на возила за ескортно обезбедување, специјални (блиндирани), патнички и теренски моторни возила и моторцикли, а во тек е тендерска постапка за јавна набавка на возила;
- реновирање објекти кои ги користат организациски единици во состав на Одделот за специјални полициски операции, при што поставен е контејнер за работни простории, изградени се два магацина во базата на Специјална антитерористичка Единица-Тигар, каде воедно е отпочнато и со реновирање на санитарни јазли;
- започнато е со обнова на флотата на хеликоптерите во Хеликоптерската единица за полициски намени во Одделот за воздухопловни единици, врз база старо за ново, при што изработена е информација до Владата со Предлог-заклучоци за набавка на хеликоптери;
- во однос на *решавање на имотно-правниот статус на Аеродромска полициска база и разграничување на недвижности во базата кои припаѓаат на Агенцијата за националната безбедност,* изработени се конкретни мерки за решавање на имотно-правниот статус на базата во однос на запишување на корисничко право на МВР за катастарски парцели во државна сопственост во Агенцијата за катастар и недвижности. Исто така, преземени се активности за изработка на планската документација за касарната Страшо Пинџур во КО Кадино и Мралино, со цел решавање на имотно-правниот статус на базата;
- изградба на боксови за полициски службени кучиња за Единицата за службени кучиња и Единицата за брзо распоредување во полицискиот центар во касарната Ѓорче Петров, каде воедно се во тек и активности за физичко обезбедување на магацинскиот простор со жичана ограда, осветлување и видео надзор на центарот.

- Во рамки на стратешката програма УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР:

- во потпрограмата ***Воведување систем за управување со документи (DMS)***:

- за проектот *Документ менаџмент систем* инсталирани се работните процеси преку Sucriptor-системот за архивско работење во сите организациски единици на МВР и БЈБ, во седиштето на министерството и спроведена е постапката за јавна набавка за одржување на системот, за што склучена е рамковна спогодба за набавка на одржување на дигитален полициски менаџмент со фирмата Интек Систем ДОО Скопје. Воедно, реализирани се обуки за корисници и воведувањето на Е-деловодник во организациските единици на МВР и БЈБ.

- во потпрограмата ***Унапредување на системот за обука на вработените во МВР***:

- започнато е со реновирање на два павилјони во Центарот за обука, а делумно е дигитализиран и поврзан Центарот со системите и софтверите.

- во потпрограмата ***Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР***:

- во проектот *Воспоставување на ИКТ центар за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа* во континуитет се следи оперативноста на имплементираните системи, при што извршено е тестирање на Центарот во Прилеп;

- за проектот *Подобрување на компјутерската инфраструктура на МВР* инсталирани се над 1.450 компјутери за корисници во организациските единици во МВР, се следи работата на инсталираната опрема, а склучени се сите предвидени договори за ревидирани лиценци;

- во рамки на проектот *Оптичка мрежа на МВР* добиено е Решение за градба за последниот сегмент од трасата во должина од 25км. на територија на општина Прилеп, а започнат е ископ за поставување на црево и оптички кабел.

- во потпрограмата ***Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации***:

- во однос на активности кои произлегуваат од членство во НАТО, МВР до Министерството за одбрана/Генералштаб достави акт за усогласување и прифаќање на директна примена на два документи НАТО Станаг и достави одговори за процесот на НАТО-одбранбеното планирање. Покрај тоа, преземени се активности за координирање на надлежностите МВР/БЈБ при влез, престој и транзит на НАТО/КФОР силите низ државата. Реализирани се работни средби со претставници на САД, како и со Врховната сојузничка команда на вооружените сили на НАТО во Европа во Белгија. Воедно, учествувано е во активности на НАТО-телата за градење отпорност и управување со кризни состојби, како и на

НАТО-CMX вежбата и здружената воена вежба „Defender-2023";

- изработена е дата базата за полициски службеници за учество во мировни мисии;
- набавена е опрема за потребите на Регистарот за класифицирани информации;
- извршена е анализа на прописи и постојните интерни документи за управување со информациска безбедност во МВР, при што номинирани се одговорни лица за информациска безбедност од три надлежни организациски единици на министерството до Агенција за електронски комуникации МКД-ЦИРТ. Воедно, учествувано е и во работна група при изработка на Стратегија за сајбер безбедност.

- во потпрограмата ***Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма,*** во рамки на проектот *Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан* во соработка со Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Норвешка реализирано е следното:

- претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на студиска посета во Романија, а воедно, одржани се четири работилници на тема „Примена на полициски овластувања при употреба на средства за присилба" со присуство на вработени од СВР Штип, Струмица, Битола, Охрид, Тетово и РЦ за ГР Исток, Југ и Запад. Воедно, од страна на Одделот одржана е втората Регионална средба на службите за внатрешна контрола од Албанија, Косово и Црна Гора;
- за *подобрување на системот за управување со човечки ресурси во МВР,* одржаната е експертска средба со претставници на Центарот и раководителите на организациските единици за управување на човечки ресурси во МВР/БЈБ, при што нивната соработката продолжува од аспект на поддршка и помош при спроведување на активностите од Годишниот план за обука на министерството. Исто така, во рамки на оваа активност спроведена е обука на тема „Лидерство во Полицијата" во Центарот за обука при МВР, на која учествуваа раководители од различни организациски единици на министерството;
- за *подобрување на системот за спроведување на јавните набавки во МВР* одржани се четири обуки, на кои присуствуваа вработени од Одделот за општи и заеднички работи кои работат конкретно на оваа проблематика.

Во рамки на *подигање на родовата свест на вработените преку менторската програма за родова еднаквост* Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси во соработка со ОБСЕ ја презеде програмата, со цел истата да продолжи со реализација во рамки на министерството. Во таа насока, одржана е напредна обука за обучувачи за родово менторство на кои учествува седум жени, на кои им се доделени се сертификати. Воедно, беше објавен повик за учество во програмата за ментори

и менторирани лица, со цел создавање на меѓусебна поддршка на вработените во МВР, преку спроведување на знаења, искуства, промоција на добри примери, умрежување и јакнење на капацитетите на вработените. На повикот аплицира 65вработени од кои 32 за ментори (од кои тројца мажи) и 30 за менторирани лица (од кои еден маж).
За *развој на поефикасен систем на обуки за стекнато знаење за родова еднаквост*, одржана е работилница со учество на 22 вработени од кои 11 ментори (7 жени и 4 мажи) и 11 менторирани лица (10 жени и еден маж). Покрај тоа, одржана е Конференција на меѓународна асоцијација на жени во Нов Зеланд и три едукативни настани теми „Континуирана обука за родово одговорно полициско работење врз жени и девојчиња", „Борба против сексуално и родово базирано насилство во дигитална сфера" и „Почетна обука за родово базирано насилство врз жени и семејно насилство.

Во 2023 година **Родовата застапеност** во министерството изнесува:
- униформирани: мажи 58.66%, жени 8.97%;
- неуниформирани ПС: мажи 24%, жени 6.39%;

Во однос на примената на **Принцип на правична застапеност** на ниво на министерството во 2023 година состојбата е следна:
- Македонци: мажи 54.72% жени 18.04%;
- Албанци: вкупно: мажи 36,99%, жени 7.47%;
- Срби: мажи 1.65 % и жени 1.04%;
- Турци: мажи 2.53%, жени 0.5%;
- Роми: мажи 1.4%, жени 0.27%;
- Власи: мажи 0.22%, жени 0.33%;
- Останати: мажи 0.96%, жени 0, 49%.

Во однос на трите **утврдени ризици** на ниво на Стратешкиот план на МВР 2023-2025 согледано е дека степенот на веројатност за настанување на ризикот и влијание врз остварување на целите остануваат на исто (средно) ниво. Додека од утврдените ризици на ниво на програма *Развој на полицијата* согласно преземените мерки за управување констатирано е дека од пет ризици, четири остануваат со среден степен на веројатност за настанување на ризикот и влијание врз остварување на целите, а еден е надминат. А, од програмата *Унапредување на заедничките функции на МВР* три ризици остануваат на исто ниво (висок, среден, мал), а еден ризик од висок преминува на средно ниво на веројатност за настанување на ризикот и влијание врз остварување на целите.

## 1.12. ПРОГРАМИ

Стратешкиот план на МВР за 2024-2026 година содржи 2 *програми*, кои имаат континуитет од минатата година, разработени во *12 потпрограми,* во кои се содржани проекти и активности.

Стратешкиот план ги содржи следниве програми:

### 1.12.1 РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА - со шест потпрограми:

1.12.1.1 потпрограма *Вклучување и комуникација со заедницата*

1.12.1.2 потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал*

1.12.1.3 потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата*

1.12.1.4 потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника*

1.12.1.5 потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција*

1.12.1.6 потпрограма *Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби*

### 1.12.2 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА МВР - со шест потпрограми:

1.12.2.1 потпрограма *Воведување систем за управување со документи (DMS)*

1.12.2.2 потпрограма *Управување со човечки ресурси*

1.12.2.3 потпрограма *Унапредување на системот за обука на вработените во МВР*

1.12.2.4 потпрограма *Надградба на телекомуникациски и информатички систем во МВР*

1.12.2.5 потпрограма *Реализација на активности кои произлегуваат од членство во НАТО и безбедност на информации*

1.12.2.6потпрограма *Зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола, професионални стандарди и спроведување на антикорупциска програма*

## 1.12.1 ПРОГРАМА РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА

План за спроведување Програма

| Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| 1. Образложение: *Програмата Развој на полицијата произлегува од* Стратешките приоритети *на Владата на Република Северна Македонија* ***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*** и ***Обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството***, односно приоритетните цели *Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ преку унапредување на процедурите, стандардите, методологиите во насока на обезбедување квалитетен и поеднообразен пристап во сите понатамошни фази на креирање на националната верзија на ЕУ, Модернизација на МВР и јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции, Спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил, Зголемување на нивото на јавната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај, Соработка и воспоставување на заеднички стандарди за сајбер безбедност.* |
| 2. НПАА: Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност 3.24.1 Миграција 3.24.2 Азил, 3.24.4 Надворешни граници и граници на шенген зоната 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал |
| 3. ***Стратешки приоритети и цели на МВР:***<br>*Програмата е во функција на* ***стратешките приоритети*** *Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европска Унија, Модернизација на МВР и јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции, Спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил, Зголемување на нивото на јавната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај и Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер безбедност.*<br>*Воедно, програмата е во функција на остварување на* ***приоритетните цели:***<br>- *преземање и примена на најдобрите ЕУ практики и стандарди за унапредување на процедурите и методологиите;*<br>- *изработка и имплементација на активности дефинирани во Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026;*<br>- *имплементација на активности дефинирани во Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025;*<br>- *јакнење на капацитетите во борбата против тероризмот, развивање на интернет истрагите и јакнење на севкупните капацитети;*<br>- *изградба и реконструкција на полициски станици од општа надлежност;*<br>- *реконструкција на простории на задржување лица;*<br>- *зајакнување на капацитетите на специјализираните полициски служби;*<br>- *примена на нови технологии и мерки за сајбер безбедност.* |

**Цел на Програмата:**
Обезбедување законитост, стручност и транспарентна ориентираност во вршење на функцијата на Биро за јавна безбедност

**Показатели за успех на Програмата:**
- зајакнат професионален интегритет на полициски службеници за превенција;
- воспоставен успешен и ефикасен систем за постапување и кривично гонење на странските терористички борци, развивање и учество во програмите за ресоцијализација и реинтеграција во општеството;
- зајакнати капацитети во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал;
- изградени современи капацитети за потребите полициските работи од општа и посебна надлежност и модернизирани средства за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- намален бројот на сообраќајни незгоди и последици со посебен акцент намалување на жртвите во сообраќајот;
- модернизирани и стандардизрани капацитети на БЈБ во делот на криминалистичка техника;
- унапредена меѓународна соработка за гранично управување;
- зајакнати капацитети на специјалните полициски служби;
- поефикасен систем на обуки за стекнато знаење за родова еднаквост.

Програмата е: ■ Хоризонтална ☐ Вертикална

**Потпрограми (компоненти) од Програмата:**

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1**<br>Вклучување и комуникација со заедницата | **Показател за успешност:**<br>- подобрени резултати во превентивното работење<br>- формирани заеднички тимови за ефективна превенција на инциденти и настани кои предизвикуваат поголемо влијание во заедницата<br>- формирани инфо-центри и подобрени просторно и материјално-технички услови за комуникација со граѓаните<br>- усогласено постапување на ОЕ за превенција, координирани од организациска единица за превенција за централно ниво |
| **Потпрограма 2:**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал | **Показател за успешност:**<br>- зајакната интерагенциска и меѓународна соработка преку спроведување нови интерагенциски и меѓународни истраги;<br>- зајакната меѓу институционална соработка и развивање на механизми за брза размена на информации со агенции и институции кои се вклучени во борбата против тероризмот;<br>- модернизирана информатичка технологија, пристап до податоци во |

| | |
|---|---|
| | електронски бази на национално ниво;<br>- зајакнување на капацитетите со човечки ресурси и материјално-технички средства во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција;<br>- подобрување на компетентност на полициските службеници за навремено откривање и идентификување на жртви на трговија со луѓе. |
| **Потпрограма 3**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | **Показател за успешност:**<br>- изградба на модерни простории за задржување на лица, согласно Правилникот за стандарди и препораки од Советот на Европа;<br>- модернизација на капацитетите за контрола на возила и возачи и увид при сообраќајни незгоди;<br>- обновен возен парк на ПС ОН |
| **Потпрограма 4**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичка техника | **Показател за успешност:**<br>- модерно опремени форензички капацитети, согласно меѓународните стандарди;<br>- примена на софистицирани методи во областа на криминалистичко-технички увиди, испитувања и вештачења;<br>- усогласен метод на работа според стандардите за работа во случај на истраги на место на настан, како и во случај на спроведување лабораториски анализи;<br>- зголемен број обуки за подобрување на стручноста на вработените во областа на увиди при ХБРН инциденти. |
| **Потпрограма 5:**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција | **Показател за успешност:**<br>- учество во меѓународни операции и зголемен меѓународен углед;<br>- намален број на илегални преминувања, криумчарење мигранти и трговија со луѓе;<br>- засилени гранични патроли за пресретнување и реакција;<br>- примена на софистицирана и модернизирана опрема за гранични проверки и надзор. |
| **Потпрограма 6**<br>Јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на специјализираните полициски служби | **Показател за успешност:**<br>- континуирани стручни обуки на припадниците на специјализираните полициски служби;<br>- модернизиран возен парк и најсовремена материјално-техничка опрема за работа на терен;<br>- обнова на постоечките материјално-технички капацитети и зголемена ефективност и ефикасност во реализација на специјализирани полициски |

| | |
|---|---|
| | операции;<br>- формирање нови четири подединици на ЕСК. |

| План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.12.1.1 Потпрограма** Вклучување и комуникација со заедницата<br>**План за спроведување** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год | I год. | II год. | III год |
| **Подобрени компетенции на ПС за превенција за заедничко работење во заедницата**<br>-обука на полициските службеници за полициско работење во заедницата и вршење на позорната дејност/реонски метод на работа | ОЕ за превенција советници за СКСФО при СВР и РЦ и ГП | ЦО и ОЗУЧР | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Афирмирање и охрабрување на остварувањата на ЛСП**<br>-промоција и споделување на добри практики од работењето на ЛСП | ООЈСП | ОЕ за превенција | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Зголемена вклученост на жените и младите за безбедносните прашања на локално ниво**<br>- организирање фокус групи со жените и младите и креативни работилници за предлог-решенија | ОЕ за превенција | Здруженија на граѓани со целна група жени и млади | 2024 | 2026 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| за зголемена безбедност во заедницата | | | | | | | | | | |
| **Полициско работење во заедницата** - активно вклучување на ЛСП за навремено реагирање при инциденти и настани | ОВР/ЕВР | ПСОН | 2024 | 2026 | | | | | | |
| Ангажирање на ЛСП за развивање на превентивни активности и концепти за можни ризици од појава на одредени асоцијални или девијантни поведенија | ОЕ за превенција | ЛСП | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Зголемено чувство за безбедноста на граѓаните** -обезбедување на функционалност на Инфо – Ценрите во 7-ОУР | ОГР | ООЗР, ОПРУЧР | 2024 | 2026 | | | | | | |
| Подобрување на условите на просториите за прием на граѓани | ОГР | ООЗР, СВР, РЦ ГП | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Зголемена информираност на патниците на граничните премини** -воспоставување на слободен пристап до интернет мрежата на граничните премини | ОГРМ | ОИТ, ООЗР | 2024 | 2024 | | | | | | |
| **Формирани и функционални ЛСП во сите општини** -промотивни активности за придобивките од функционалните ЛСП | ОЕ за превенција | ЛСП | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Функционална евиденција на податоци за превенција** -воспоставување база на податоци за превенција | ОУП | ОИТ | 2024 | 2024 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Континуирана размена на информации и споделување на добри практики за превенција** -спроведување на основна обука за новвработени ПС и континуирана обука за ПС во делот на превенцијата | ОЕ за превенција, советници за КСФО при СВР и РЦ и ГП | ЦО, ООЗУЧР | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Развиена соработка меѓу институциите, локалните заедници и здруженијата на граѓани во делот на превенцијата** -одржување редовни тематски состаноци со граѓаните | ОЕ за превенција | | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Унапредување на соработката со медиумите и овластените лица за комуникација со јавноста** -спроведување заеднички работилници за полицијата и медиумите | ООЈСП | медиуми | 2024 | 2026 | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно активности во I година:** | | 13 | | | | | |
| **Вкупно активности во II година:** | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:** | | | | | | | |
| **Вкупно за потпрограма 1** | | 13 | | | | | |

| План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.12.1.2 Потпрограма** Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал<br>**План за спроведување** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консулти рани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/ година)** | **Крај (месец/ година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год | I год. | II год. | III год |
| **Развивање на капацитетите за водење на криминалистички истражувања**<br>- обезбедување пристап до бази на податоци на институции надвор од МВР (АКН, УЈП и др.) | ОСОСК | АКН, УЈП, УФР, ЦУ | 2024 | 2025 | | | | | | |
| Зајакнување на капацитетите за водење на финансиски истраги | ОСОСК | ЈО, УФР, УФП, ЦУ | 2024 | 2026 | | | | | | |
| Јакнење на капацитетите за справување со корупција од среден и висок профил и поврзаност со кривични дела од организиран криминал | ОСОСК | | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Креирани процедури за собирање на разузнавачки информации во затворите**<br>-формирање на интерагенциска работна група<br>-изработка на меморандум, протокол или договор за соработка<br>-изработка на Правилник за собирање на информации во казнено - поправни институции | ОСОСК | УИС, АНБ, НКЦ при ВРСМ, КПУ | 2024 | 2026 | | | | | | |
| **Јакнење на капацитетите во борбата против тероризмот**,<br>-развивање на нови техники и технологии во справувањето со интернет истрагите, прибирање, | СБПТНЕР | АНБ, АР, ВР | 2024 | 2025 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| комплетирање и анализа на податоци од социјалните мрежи, обезбедување на соодветни услови за ефикасна работа на деташираните ПС, зајакнување на техничко-технолошките капацитети во опсервација и обезбедување на меки цели како и објекти од критична инфраструктура | | | | | | | | | | |
| **Зајакнување на човечките и техничките капацитети во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција**<br>-набавка на патнички моторни возила<br>-набавка на техничка опрема за спроведување на истраги<br>-спроведување на обуки за водење на случаи за дигитално криумчарење и online трговија со луѓе/дете, преку користење на современа технологија. | НЕСКМТЛ | НК за БПТЛИМ | 2024 | 2025 | | | | | | |
| **Воспоставување и зајакнување на меѓународната соработка и координација помеѓу релевантните државни институции и здруженија на граѓани во областа на трговија со луѓе и илегална миграција**<br>-заеднички обуки на членовите на НЕСКМТЛ со соодветни единици (ударни групи) од регионот<br>- овозможување на трилатерални средби помеѓу полициските службеници и јавно обвинителство, Србија и Унгарија | НЕСКМТЛ | НК за БПТЛИМ | 2024 | 2026 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зајакнување на капацитетите за реализација на навремено и ефикасно откривање и идентификација**<br>- примена на проактивни методи базирани на криминалистичко разузнавање со откривање и идентификација на поенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе | НЕСКМТЛ | НК за БПТЛИМ | 2024 | 2025 | | | | | | |
| Обезбедување ефикасно откривање и гонење на сторителите на кривично дело трговија со луѓе и криумчарење на мигранти | НЕСКМТЛ | ОСОСК | 2024 | 2025 | | | | | | |
| **Зајакнување на капацитетите на Нациналниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал**<br>- развој на софтверско решение за складирање и обработка на податоци во Центарот и развој на ИТ инфраструктурата | НКЦСОСК | ОИТ | 2024 | 2025 | | | | | | |
| **Зголемување на капацитетите на национално ниво за пристап до меѓународните бази на податоци**<br>-проект за поврзување на националната база за потраги по лица и возила со базите на податоци на Interpol за потраги по лица и возила | СМПС | ОЕУМС | 2024 | 2024 | | | | | | |
| **Поврзување на ОСОСК со Interpol I 24/7 мрежата**<br>-анализа на потребата на ОСОСК за пристап до Interpol I 24/7 мрежата како и анализа за неопходната техничка опрема | СМПС | СМПС, ОСОСК, ОИТ | 2024 | 2025 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зајакнување на капацитетите на Секторот за компјутерски криминал**<br>-анализа на состојбите во СВР кои се однесуваат на човечки ресурси, технички капацитети и планирање обуки од обласна на компјутерскиот криминал | СКК | ОКП, СВР | 2024 | 2024 | | | | | | |
| **Поврзување на Секторот за компјутерски криминал со Interpol I-24/7 мрежата**<br>-набавка на опрема која ќе се користи од полициските службеници кои работат на случаи со сексуална експлоатација на деца и спроведување на обуки | СКК | СМПС, ОСОСК, ОКП | 2024 | 2025 | | | | | | |
| **Унапредување на полициското работење водено од разузнавање**<br>-промовирање на проектот<br>-подобрување на процесот на собирање и размена на информации<br>-обуки и развој<br>-креирање база на податоци за собирање и обработка на податоци | ОКРА ЕСПСКК | ОСОСК, ОКП, ОУП ОГРМ, ОИТ ЦО | 2024 | 2025 | | | | | | |
| **Унапредување на полициското работење преку изработка на СОП согласно законските и подзаконските прописи во надлежност на МВР и спроведување континуирани обуки**<br>- изработка на СОП за вршење, генерален, стручен надзор и контрола на работата во полицијата.<br>-формирање на работна група за | ЕСПСКК | ОСОСК, ОКП, ОЗРУЧР, ОКРА, ОУП, ЦО | 2024 | 2025 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| изработка на СОП согласно за воспоставување зајакната оперативна контрола на лица и објекти.<br>-спроведување континуирани обуки за раководен кадар | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година:** | | | | | 16 | | | | | |
| **Вкупно активности во II година:** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за потпрограма 2** | | | | | 16 | | | | | |

**1.12.1.3 Потпрограма** Јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата

**План за спроведување**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| **Јакнење на капацитетите на СВР и ПС од општа и посебна надлежност**<br>- изградба и реконструкција на ПС | ОУП | ОФП, ОУП, СВР Скопје | 2024 | 2026 | I год. | II год. | III год | I год.<br>300.000.000 | II год.<br>300.000.000 | III год |
| **Постигнување на стандардите утврдени со Правилникот за просториите за задржување на лица во ПС**<br>-реконструкција на простории за задржување во ПС | ОУП | ОФП,ОУП, СВР | 2024 | 2026 | | | | 500.000 | 500.000 | 500.000 |
